бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# БАРАЊА И ОДГОВОРИ ПО ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Реден број: | 1 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-232/1 |
| Датум: | 10.01.2024 |
| Опис на информациа до која се бара пристап: | Дали во возила кои вршат достава за друго правно лице (а се работи за поврзани друштва односно двете имаат ист основач) може да има фискални сметки за да се врши наплата во готово при достава? И доколку може дали фискалните сметки треба да се водат на правото лице во чии интерес се врши доставата или на правното лице кое ја врши доставата |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 2 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања (Службен весник на РМ, бр.31/01...11/18 и Службен весник на РСМ, бр. 98/19...247/22), даночните обврзници кои вршат промет на добра и промет на услуги за кој плаќањето не се извршува по банкарски пат (во натамошниот текст: готовински плаќања), должни се да воведат и користат одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања и задолжително да издаваат сметка за извршениот промет, односно услугата ( во натамошниот текст: фискална сметка).<br>Согласно член 19 став 1 од Правилник за техничките и функционалните карактеристики на интегрираниот автоматски систем за управување, образецот на фискалната сметка, образец на фискално лого, документот касова сметка за сторна трансакција, формата и содржината на книгата за дневни финансиски извештаи, начинот за одобрување и продолжување на дозволата на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, начинот на одземање на дозволата за одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, постапката и документацијата за нивно одобрување за производство и продажба, елементите на фискалната сметка, начинот на проверка и контрола на фискалните апарати и правилата за техничко одржување и сервисирање на истите, формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема и потребната документација (Службен весник на РМ, бр.168/14...61/16 и Сл.весник на РСМ 166/20...60/22), даночните обврзници кои вршат промет на пазари и други отворени простори, подвижна продажба, превоз на патници и добра користат подвижен фискален апарат.<br><br>Од горенаведеното произлегува дека даночниот обврзник кој ќе врши достава и продажба треба да воведе и користи подвижен фискален апарат. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 2 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-789/1 |
| Датум: | 02.02.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. Колкав број на самовработени лица се регистрирани за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г.?<br><br>2. Колкав број од самовработените лица од точка 1, се вршители на: здравствена, стоматолошка, ветеринарна, адвокатска, нотарска, консултантска, сметководствена, ревизорска, проценителска, инженерска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г.?<br><br>3. Колкав нето приход остварила секоја од наведените категории на самовработени лица за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г.? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02-789/1 од 02.02.2024 година со кое од имателот за информации од јавен карактер - Управа за јавни приходи побаравте да Ви се достави информација, цитирам „ „ колкав број на самовработени лица се регистрирани за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г., колкав број од самовработените лица од точка 1, се вршители на: здравствена, стоматолошка, ветеринарна, адвокатска, нотарска, консултантска, сметководствена, ревизорска, проценителска, инженерска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност за |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

<table>
<tr><td></td><td>секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г., колкав нето приход остварила секоја од наведените категории на самовработени лица за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г., колкав бруто приход остварила секоја од наведените категории на самовработени лица за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г., колку придонеси на задолжително осигурување платила секоја од наведените категории на самовработени лица за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г., колкав број од секоја категорија на самовработени лица биле пријавени со полно работно време за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г., колкав број од секоја категорија на самовработени лица биле пријавени со пола работно време за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г., колкав број на самовработени лица се пријавени со пола работно време за секоја од годините во периодот од 01.01.2024 до 01.02.2024 г., колку изнесуваат месечните придонеси на задолжително осигурување на просечна плата за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г., колку изнесуваат месечните придонеси на задолжително осигурување на просечна плата сметано од 01.01.2024 г, наведувајќи дека овие информации им се потребни за изготвување на правна анализа на постојната законска регулатива, и евентуално предлагање на законски измени на истата и истите да се обезбедат во најбрз можен рок„ имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии – Управа за јавни приходи- Скопје, согласно евиденциите со кои располага констатираше дека по однос на барањето согласно евиденциите со кои располага и согласно нејзините надлежности, одговор може да достави само по прашањата под реден број 8 и 9 и Ви ја доставува следната информација:<br><br>8.Колку изнесуваат месечните придонеси на задолжително осигурување на просечна плата за секоја од годините во периодот од 2019 г. до 2023 г.?<br>• Месечните придионеси за 2019 година изнесуваат:<br>  • придонес за задолжително пензиско и социјално осигурвање 18.4%<br>  • придонес за задолжително здравствено осигурување 7,4%<br>  • придонес за осигурвање во случај на невработеност 1,2%<br>  • дополнителен придонес за здравствено осигурување 0,5%<br><br>• Месечните придионеси за 2020 до 2023 година изнесуваат:<br>  • придонес за задолжително пензиско и социјално осигурвање 18.5%<br>  • придонес за задолжително здравствено осигурување 7,5%<br>  • придонес за осигурвање во случај на невработеност 1,2%<br>  • дополнителен придонес за здравствено осигурување 0,5%<br>9. Колку изнесуваат месечните придонеси на задолжително осигурување на просечна плата сметано од 01.01.2024 г?<br>• Месечните придионеси за 2024 година изнесуваат:<br>• придонес за задолжително пензиско и социјално осигурвање 18.5%<br>• придонес за задолжително здравствено осигурување 7,5%<br>• придонес за осигурвање во случај на невработеност 1,2%<br>• дополнителен придонес за здравствено осигурување 0,5%</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Реден број: | 3 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-854/1 |
| Датум: | 06.02.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Согласно Законот за слободен пристап до ИЈК, од страна на Македоснки центар за меѓународна соработка МЦМС доставено е барање за слободен пристап до ИЈК со кое побарана е следната информација:<br>• Листа на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2023 година.<br>• Листа на правни субјекти кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2023 година.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2023 година. |


Твој данок, твоја иднина!

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | • Листа на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2023 година<br>• Согласно извршени проверки во евиденциите со кои располага Управата за јавни приходи, нема физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2023 година<br><br>• Листа на правни субјекти кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2023 година.<br>• Со анализа на вкупно примените Извештаи за дадени/примени донации согласно Законот за донации и спонзорства во 2023 година, 269 правни лица направиле донации во повеќе наврати. Со оглед што рокот за поднесување на даночни пријави за 2023 година (од кои може да се види дали се користени даночни ослободувања за направени донации во текот на 2023 година) е 15 март, податокот што го барате не може да се обезбеди пред завршување на постапките за прием и обработка на даночните пријави.<br><br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2023 година.<br><br>• Согласно измените на Законот за данок на добивка (Службен весник 275 од 27.12.2019 година) воведен е член 4-а во кој е утврден посебен режим на оданочување на непрофитните организации така што истите не користат даночнии ослободувања по основ на донации согласно Законот за донации и спонзорства. Во секој случај не е исклучена можноста истите да донираат. Од анализа на вкупно примените извештаи за дадени/примени донации во 2023 година, утврдено е дека 9 правни лица (здруженија и фонадации) извршиле донации во повеке наврати согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 4 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-2648/1 |
| Датум: | 20.03.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | „ Од Управниот суд ми е побарано да доставам уверение за остварени приходи од моја страна за период од 6 месеци station наназад односно од август 2023г. Заклучно со јануари 2024г.<br>Од претходно наведените причини барам да ми издадете таква информација – уверение, конкретно само за наведениот период. За итност на посапката однапред благодарам„ |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно одредбите од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.43/14...7/19), Управата за јавни приходи е надлежна институција за регистрација на даночните обврзници со доделување на единствен даночен број и водење единствен регистар на даночните обврзници, примање на даночни пријави и внесување на даночните побарувања во даночната евиденција, утврдување на даноците во согласност со закон, инспекциски надзор во согласност со закон, наплата на даноците, водење на даночна евиденција, враќање на повеќе или погрешно наплатен данок, издавање на уверенија, потврди и други документи за платени даноци итн.<br><br>Согласно член 2 и член 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/2019) целта на овој Закон е имателите на информации од јавен карактер на физичките и правните лица да им обезбедат јавност, отвореност и информираност на јавноста за своето работење, како и да им се овозможи на истите да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, додека пак документ е секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, пишан или печатен текст, карти, шеми, |

| | |
|---|---|
| | фотографии, слики, цртежи, скици, работни материјали, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видео снимки во која било форма, како и преносlива опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи мемории за складирање на податоците во дигитална форма.<br><br>Јавен интерес согласно овој Закон подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации, со чие што објавување, односно остварување пристап ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување, ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства, ќе се открие потенцијален судир на интереси, ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето, ќе се спречи и открие загрозување на животната средина, ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.<br><br>Согласно напред наведените одредби, а со оглед дека во Вашето барање не се бара информација која го засега јавниот интерес, туку се бара за Ваши лични потреби документ - уверение за остварени приходи за период од 6 месеци наназад односно од август 2023 година заклучно јануари 2024 година, по барање на Управниот суд, Ве известуваме дека правото за издавање на уверение за остварен приход се остварува во даночна постапка, односно потребно е да појдете во Управа за јавни приходи- Регионална дирекција Скопје да поднесете барање за издавање на уверение за состојба на остварен доход (образец Б/УОД). Во Барањето (образец Б/УОД) задолжително да се пополнат бараните податоци за даночниот обврзник на данокот на личен доход за кого се поднесува барањето, податоците за основ (се избира само еден од наведените основи) и за период за кој се бара издавање на уверение (до една календарска година). Барањето (образец Б/УОД) може да го поднесете лично Вие, Вашиот законски застапник или полномошник назначени од Ваша страна или службено лице од јавниот орган надлежен за решавање за права, обврски или правни интереси на странката согласно закон. Доколку Барањето (образец Б/УОД) се поднесува преку законски застапник или Ваш полномошник, во прилог на барањето задолжително се доставува копија од доказ за законски застапник или овластување (полномошно) во Ваше име и за Ваша сметка да се преземаат дејствија во даночната постапка.<br>Имено, за издавање на уверение за состојба на остварен доход предвидено е плаќање на административни такси во вкупен износ од 100 денари (50 денари за барањето и 50 денари за уверението), освен ако не е пропишано ослободување од административни такси согласно Законот за административните такси.<br>Прилог линк<br>http://ujp.gov.mk/mk/plakjanje/uverenija |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 5 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-2889/1 |
| Датум: | 03.04.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. Во колку случаи сте обезбедиле податоци од регистарот на вистински сопственици?<br>2. За колку лица се однесувале обезбедените податоци од регистарот на вистински сопственици?<br>3. На кој начин ги обезбедивте податоците – со дитректен пристап до регистарот на вистински сопственици или посредно преку ЦРСМ?<br>4. Во колку случаи, по утврдувањето на вистинскиот сопственик сте се посомневале во веродостојноста на податоците? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно евиденцијата со која располага имателот на информации од јавен карактер констатирано е дека досега до Централниот регистар на РСМ не е поднесено барање за обезбедување на податоци од Регистарот на вистински сопственици. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 6 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-2960/1 |
| Датум: | 08.04.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | „Колку изнесува данокот на добиени девизни средства во Република Северна Македонија |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | остварен преку платформата на You Tube„. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 3 од Законот за данок на личен доход ("Сл весник на РМ" бр.241/18 и "Сл. весник на РСМ" 275/19, 290/20, 85/21 и 274/22 во понатамошниот текст ЗДЛД), под личен доход се подразбираат следните видови доход остварени во земјата и во странство: 1) доход од работа; 2) доход од самостојна дејност; 3) доход од авторски и сродни права; 4) доход од продажба на сопствени земјоделски производи; 5) доход од права од индустриска сопственост; 6) доход од закуп и подзакуп; 7) доход од капитал; 8) капитални добивки; 9) добивки од игри на среќа; 10) доход од осигурување и 11) друг доход.<br>На оданочување подлежи доходот од ставот 1 на овој член што е остварен во пари, во хартии од вредност, во натура, или во некој друг вид.<br>Според член 5 од ЗДЛД, обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Северна Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство.<br>Според член 11 став 1 од ЗДЛД, данокот на личен доход се плаќа по стапка од 10%.<br>Согласно член 15 став 1 точка 16) од ЗДЛД, за доход од работа се смета и секој поединечно остварен доход врз основа на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица.<br>Основа за пресметување на данокот на доход од работа од член 15 став 1 точка 16), претставува износот на примањето, надоместокот односно доходот согласно член 16 став 1 точка 5) од ЗДЛД.<br>Согласно член 87 став 1 точка 3) од ЗДЛД, во текот на годината, обврзникот пресметува и плаќа аконтација на данокот на доход и за доход остварен од странство.<br>Согласно член 88 од ЗДЛД, обврзникот кој во текот на годината остварува доход кој подлежи на оданочување со данок на доход врз основа на овој закон е должен да поднесе пресметка на аконтација на данок на доход и докази до органот за јавни приходи и за доход остварен од странство до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е остварен доходот.<br>Во пресметката износот на остварениот доход се искажува како Вид на доход Т1. Доход од работа и Подвид на доход S1.16. Примања по основ на други извршени повремени или привремени услуги.<br>За доходот остварен во странство, внесете дополнителни податоци за: датум на прилив од странство, износ на остварениот доход во странска валута, валута во која е исплатен доходот (вршите избор од понудено мени).<br>Вашата пресметка е-ППД за доходот остварен во странската држава ја проверува и одобрува службено лице од УЈП.<br>По приемот и обработката на електронската пресметка "е-ППД", органот за јавни приходи преку електронскиот систем "е-Даночни услуги", ја одобрува пресметката на обврзникот, со доделување Фолио број и издава Рекапитулација за утврдување на аконтација на данок на личен доход со статус "Одобрена" и налог за плаќање на данок на личен доход.<br>Согласно член 93 од ЗДЛД, аконтација на данокот на доход утврден во одобрените пресметки се плаќа најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец и за доходот остварен од странство.<br>Плаќањето на данокот на доход кај носителот на платниот промет се врши на образец ПП53. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 7 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-3926/2 |
| Датум: | 13.06.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Дали постои законско ограничување да ист производ на различни купувачи (некои нарачуваат помалце и поретко, некој нарачуваат поголеми количини и почесто и сл)<br>се продава по различна големопродажна цена? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19) барањето е препратено на надлежност и понатамошно постапување до Државниот пазарен инспекторат. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 8 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-4520/1 |
| Датум: | 23.07.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | „ Колкава е платата на Ректорот на Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", Универзитетот „Свети Клименти Охрид", Универзитетот „Гоце Делчев" и Универзитетот |

| | |
|---|---|
| | на Југоисточна Европа? |

| | |
|---|---|
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19) барањето е препратено на надлежност и понатамошно постапување до наведените Универзитети. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 9 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-4840/1 |
| Датум: | 13.08.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | „Колку се вработени на минимална плата од 22 567,00 денари, колку се вработени на просечната плата во Македонија од 41 252,00 денари и колку се вработени што земаат над просечната плата во Македонија на пример од 41 252,00 до највисоката плата во државата„ |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии – Управа за јавни приходи- Скопје, Ви ја доставува следната информација: |

Број на вработени со пресметана нето плата по прагови за 03/2024-06/2024 (земени се **конечни платени** пресметки )

| прагови | Број на вработени за 03/2024 | Број на вработени за 04/2024 | Број на вработени за 05/2024 | Број на вработени за 06/2024 |
|---|---|---|---|---|
| од 1 до 22,566 денари | 13,698 | 11,591 | 10,096 | 9,148 |
| 22567 денари | 26,889 | 26,948 | 25,232 | 22,887 |
| од 22,568 до 41,251 денари | 360,236 | 359,356 | 349,907 | 341,021 |
| од 41,252 до максимална нето плата денари | 128,216 | 133,407 | 140,952 | 137,843 |
| ВКУПНО лица | **529,039** | **531,302** | **526,187** | **510,899** |
| ВКУПНО обврзници | 63,075 | 62,841 | 62,143 | 57,488 |

Напомена:
Анализата е направена со пресметковно нето (според ефективни часови и очекувани во месецот)
Вклучени се сите лица:
1. со пријавено и остварено полно работно време во месецот
2. пријавени на полно работно време , а оствариле помалку работни часови во месецот
3.скратено работно време

| | |
|---|---|
| Реден број: | 10 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-4919/2 |
| Датум: | 19.08.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1.Колкав е бројот на странци кои имаат регулиран престој во С.Македонија врз основ – работа, кои имаа отворено банкарски сметки во Македонија?<br>2.Од кои држави доаѓаат странците со регулиран престој во С.Македонија по основ работа кои примаат плата во С.Македонија?<br>3.Колкав е бројот на странци, кои имаат регулиран престој врз основ на работа, кои плаќаат придонеси поврзани со работниот однос? |
| Одговор од страна на | Имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии – Управа за јавни |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Имател на информации од јавен карактер: | приходи- Скопје, во однос на точка 1 и точка 2 од барањето, бараната информација согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19) истото го препрати на надлежност и понатамошно постапување до Министерство за внатрешни работи на РСМ и Народна банка на РСМ, додека пак во однос на точка 3 од барањето Ви ја доставува следната информација:<br><br>324 - ЕМБГ од неплатени конечни МПИН пресметки за 07/2024 година<br>3452 – ЕМБГ од платени конечни МПИН пресметки за 07/2024 година<br>3776 – Вкупно ЕМБГ од платени и неплатени конечни МПИН пресметки за 07/2024 година |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 11 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5010/1 |
| Датум: | 26.08.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Правото на враќање на дел од данокот на додадена вредност искажан во фискалните сметки на физичките лица: враќање на данокот • Колку граѓани (физички лица) се регистрирани и се корисници на МОЈ ДДВ во 2020. 2021. 2022 и 2023 година (според годините)?<br>• Испратете ни ја листата на корисници на апликацијата МОЈ ДДВ, скенирање на сметки, по општини, за да видиме која општина има повеќе, а која помалку корисници?<br>• Колку изнесуваше сумата на пари што им ја вративте на граѓаните во 2020, 2021, 2022 и 2023 година со апликацијата МОЈ ДДВ, скенирање на сметки?<br>• колкав е вкупниот износ што државата го има остварено од ДДВ во 2020, 2021, 2022 и 2023 и 2024 година?<br>• Дали имате податоци кои категории најмногу ја користат можноста за МОЈ ДДВ (пензионери, студентски, социјални случаи, бизнисмен и сл.). |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии – Управа за јавни приходи – Скопје, согласно евиденциите со кои располага, Ви доставува информација само по однос на точка 1 и точка 3 од барањето во делот на колку граѓани (физички лица) се регистрирани и се корисници на МОЈ ДДВ во 2020. 2021. 2022 и 2023 година (според годините и во однос на бараниот податок колку изнесуваше сумата на пари што им е вратена на граѓаните во 2020, 2021, 2022 и 2023 година со апликацијата МОЈ ДДВ, скенирање на сметки, и тоа:<br>Колку граѓани (физички лица) се регистрирани и се корисници на МОЈ ДДВ во 2020. 2021. 2022 и 2023 година (според годините)?<br><br>Регистрирани корисници ( граѓани – физички лица) на МОЈ ДДВ<br><br>ГОДИНА / КОРИСНИЦИ НА МОЈ ДДВ:<br>2019 – 213,220<br>2020 – 149,753<br>2021 – 74,668<br>2022 – 70,314<br>2023 – 66,039<br>2024 – 22,008<br>ВКУПНО – 596,002<br><br>Колку изнесуваше сумата на пари што им ја вративте на граѓаните во 2020, 2021, 2022 и 2023 година со апликацијата МОЈ ДДВ, скенирање на сметки?<br><br>Вратен износ на граѓаните<br><br>- **2020 година -46,892,806,448 денари** |

Inner table (Регистрирани корисници на МОЈ ДДВ):

| ГОДИНА | КОРИСНИЦИ НА МОЈ ДДВ |
|---|---|
| 2019 | 213,220 |
| 2020 | 149,753 |
| 2021 | 74,668 |
| 2022 | 70,314 |
| 2023 | 66,039 |
| 2024 | 22,008 |
| ВКУПНО | 596,002 |


Твој данок, твоја иднина!

| | |
|---|---|
| | - **2021 година -58,193,876,897 ден.**<br>- **2022 година -64,763,843,626 ден.**<br>- **2023 година -70,049,904,130 ден.**<br>- **01-08/2024 година - 52,288,614,584 ден.** |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 12 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-8276/1 |
| Датум: | 22.10.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Број на компании кои користат даночни ослободувања од данок на добивка во согласност со Закон за технолошки индустриски развојни зони и Закон за контрола на државна помош и Закон за финансиска поддршка на инвестиции.<br>Барањето се однесува за следните индустрии:<br>автомобилска, енергија, металургија, производство, малопродажба, големопродажба, производство на тутунски производи, здравство и фармација, телекомуникации, игри на среќа, градежништво. Задржан данок на приходи од дивиденди за 2022 и 2023 година (износ на задржан данок и број на правни лица за кои е задржан данокот)<br>Задржан данок на приход од камата и авторски хонорар за 2022 и 2023 година (износ на задржан данок и број на правни лица за кои е задржан данокот)Број на размена на информации по барање примени и испратени за 2022 и 2023 година со земји-членки на ЕУ. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | - Број на компании кои користат даночни ослободувања од данок на добивка во согласност со Закон за технолошки индустриски развојни зони и Закон за контрола на државна помош и Закон за финансиска поддршка на инвестиции:<br><br>• **24 компании користат даночни ослободувања од данок на добивка во согласност со Закон за технолошки индустриски развојни зони Барањето се однесува за следните индустрии**<br><br>- Задржан данок на приходи од дивиденди за 2022 и 2023 година (износ на задржан данок и број на правни лица за кои е задржан данокот):<br><br>• **приходи од дивиденди за 2022 и 2023 годин – износ 12,683,467.00 денари – 1 правно лице**<br><br>- Задржан данок на приход од камата и авторски хонорар за 2022 и 2023 година (износ на задржан данок и број на правни лица за кои е задржан данокот) :<br><br>• **приход од камата за 2022 и 2023 година - 35,969,035.00 – 7 правни лица**<br><br>• **приход од авторски хонорар за 2022 и 2023 година - 33,728,469.00 – 4 правни лица**<br><br>-Број на размена на информации по барање примени и испратени за 2022 и 2023 година со земји-членки на ЕУ:<br><br><table><tr><td></td><td>Примени барања од странски даночни администрации од земји-членки на ЕУ</td><td>Упатени барања од УЈП до странски даночни администрации од земји-членки на ЕУ</td></tr><tr><td>2023</td><td>8</td><td>3</td></tr><tr><td>2022</td><td>22</td><td>4</td></tr></table> |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 13 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-8677/1 |
| Датум: | 05.11.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | дали ќе може од јануари 2024година до септември 2024 година колку се исплатени плати.<br>Ве замолувам да ни ги доставите следните информации за плати, а конретно за: |

| | |
|---|---|
| | 1. Колку вработени во Македонија примаат до минимална плата и минимална плата .<br>2. Колку вработени се со примања до 27.700,00 денари.<br>3. Колку вработени се со примања до 32.000,00 денари.<br>4. Колку вработени се на просечната плата во Македонија.<br>5. Колку вработени се со примања до 61.000,00 денари.<br>6. И колку вработени се со примања над 61.000,00 денари. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | (see below) |

Во прилог податоците:

Број на вработени со пресметана нето плата по прагови за 01/2024- 09/2024 (земени се **конечни платени** пресметки )

| прагови | Број на вработени за 01/2024 | Број на вработени за 02/2024 | Број на вработени за 03/2024 | Број на вработени за 04/2024 | Број на вработени за 05/2024 | Број на вработени за 06/2024 | Број на вработени за 07/2024 | Број на вработени за 08/2024 | Број на вработени за 09/2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| под минимална плата (од 1 до минимална плата-1) | 4,512 | 4,261 | 13,780 | 11,702 | 10,279 | 11,639 | 9,795 | 11,499 | 9,803 |
| минимална плата | 7,259 | 6,293 | 27,010 | 27,121 | 25,714 | 25,402 | 25,771 | 25,855 | 25,156 |
| над минимална плата до 27699 денари(минимална плата+1 до 27699) | 209,727 | 210,885 | 156,713 | 156,158 | 150,760 | 152,026 | 155,890 | 150,492 | 142,591 |
| од 27700 до 31999 денари | 69,213 | 71,163 | 73,713 | 72,451 | 72,900 | 73,903 | 74,706 | 70,721 | 70,229 |
| од 32000 до под просечна плата (од 32000 до просечна плата-1) | 101,759 | 97,268 | 121,687 | 131,116 | 130,805 | 136,029 | 128,169 | 130,649 | 131,804 |
| просечна плата до 60999 денари | 99,851 | 103,799 | 93,724 | 90,293 | 94,293 | 88,042 | 93,252 | 97,312 | 96,889 |
| од 61000 до максимална плата | 42,271 | 40,712 | 42,286 | 44,921 | 47,077 | 45,605 | 44,709 | 45,862 | 46,751 |
| ВКУПНО лица | **534,592** | **534,381** | **528,913** | **533,762** | **531,828** | **532,646** | **532,292** | **532,390** | **523,223** |

За минимална и просечна плата во анализата по месеце земено според:

| Период | Минимална плата | Просечната плата (според ДЗС) |
|---|---|---|
| 202401 | 20175 | 39542 |
| 202402 | 20175 | 39276 |
| 202403 | 22567 | 40496 |
| 202404 | 22567 | 41085 |
| 202405 | 22567 | 41252 |
| 202406 | 22567 | 41939 |
| 202407 | 22567 | 40961 |
| 202408 | 22567 | 41097 |
| 202409 | 22567 | 41585 |

Напомена:
Анализата е направена со пресметковно нето (според ефективни часови и очекувани во месецот)
(Без оглед на ефективните работни часови во месецот, сите се сведени на максимален број на часови во месецот.)
Вклучени се сите лица:
1. со пријавено и остварено полно работно време во месецот
2. пријавени на полно работно време , а оствариле помалку работни часови во месецот
3. скратено работно време

| | |
|---|---|
| Реден број: | 14 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-8930/1 |
| Датум: | 11.11.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Извештај за примена партиципација во ЈЗУ Клиничка болница Тетово, за период од 1 јануари 2024 година до месец ноември 2024 година по месеци поединечно |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19), барањето е препратено на надлежност и постапување до Фонд за здравствено осигурување на РСМ. |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Реден број: | 15 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-9196/1 |
| Датум: | 22.11.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | „ Извештај за примена партиципација во ЈЗУ Клиничка болница Тетово, за 2023 година по месеци поединечно„ |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19), барањето е препратено на надлежност и постапување до ЈЗУ Клиничка болница Тетово. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 16 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-9197/2 |
| Датум: | 22.11.2024 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Колку парични средства се наплатени по основ на паркирање на паркингот на Клиничкиот центар „Мајка Тереза„ Скопје за 2023 година и 2024 година до месец Ноември 2024 година„ |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19), барањето е препратено на надлежност и постапување до ЈП Градски Паркинг Скопје. |